6801

PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihailova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account 608-1-251-1
SLUŽBA DOKUMETACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting

НОВА МАКЕДОНИЈА
Скопје
1. VIII. 1968



Средби со уметникот

# Сликар на животот

## Кон отворањето на Галеријата на Никола Мартиноски во Крушево

**— Уметникот само сликата може да го протежира, а не некој музеј, некоја галерија. Конечно, ние сме перспективен народ, ние се развиваме, и ќе се развиваме и ќе се отвораат нови галерии, нови музеи на уметнички дела. Не ќе остане само на овие што ги имаме, Уметничката галерија и Музејот за современа уметност. Затоа и не е потребна поделба меѓу самите уметници, не е потребно некакво групирање околу едната, или околу другата уметничка институција. На талентите не им се потребни препораки и, музеи или галерии, како нивни рекламни бироа.**

Тоа го рече Никола Мартиноски, во еден разговор во неговото ателје, не сега, но не ни многу одамна. Станување збор за нашата уметност, за нашите уметници, за нашите уметнички институции — колку ги имаме, какви се, кому и како му требаат.



Никола Мартиноски: „МАЈКА“

А Мартиноски е благодарен соговорник: непристрастен кон нештата, искрен и точен. Мислам дури, дека може да му се верува на секој збор што ќе го каже за ликовната уметност, за нејзините творци. За тоа дека „не ќе остане на ова што го имаме“.

И денес, во Крушево, во една од најубавите стари куќи, адаптирана за уметничка институција, се отвора Галерија на Никола Мартиноски. Градот Крушево ја отвора во чест на уметникот кој е тука роден и кој тука почна да ги твори своите први слики, кој тука ги најде своите мотиви за „македонски ентериер“, и кој направи впечатливи платна на овие теми, што ќе бидат и поместени во оваа галерија, а што ги има и во галерии и музеи во многу земји на Европа и Америка. Оваа галерија, единствена кај нас по галеријата на Коњовиќ, во Суботица, ќе даде единствена можност за запознавање на творештвото на Мартиноски низ целиот негов раздвоен пат: од самите почетоци, кога за своите платна користеше социјални теми, до денес, кога работи стилизирани портрети, композиции (што, впрочем, кај него се сретнуваат и порано, и пред 1940 година). Ќе бидат прикажани 40 платна и 20 цртежи, хронолошки аранжирани во оваа мала галерија. И најмногу, портрети на Циганки, најчесто со мотивот „мајка со дете“, па цвеќиња, варијации на мотивот „свадба“, „игри“.

— Секој уметник има свој „фах“. Јас со најголемо задоволство работам портрети. Почнав со „Циганките“ и продолжувам и сега да ги сликам. Тие се одлични модели, интересни.

Никола Мартиноски и дниве, пред да дојде во Крушево да присуствува на прославата на 65-годишнината од Илинденското востание и на отворањето на Галеријата што градот Крушево нему му ја посветува, во своето ателје работеше врз портрети на Циганки. Тоа е убаво, просторно и светло ателје.

— Од секогаш сум немал ателје. Прво работев во собата во која сите живеевме...

Никола Мартиноски во текот на своето ликовно творештво има отворено бројни самостојни изложби и учествувал на, речиси, сите заеднички изложби на ДЛУМ. Денес негови дела се прикажуваат и на заедничката изложба „Наше минато“, што е поместена во Уметничката галерија во Скопје. Негови дела се прикажувани и во странски ликовни центри и секаде, и од публиката и од критиката, уметникот бил сестрано прифатен. **„Мартиноски ја љуби музикалната долга линија и мекиот прелив на брановидниот ригам во просторот, но тој не е само ликовен интерпрет на светлата страна од животот. Покрај лириката тој ја гледа и трагиката и ја изнел во цела една серија од цртежи кои не се ништо помалку уверливи и прочувствувани од лирските циклуси“**, — вели Андро Вид Михичиќ, а „Бјен публик“, од Дижон (Франција), пишува: **„Мартиноски ни донесе едно вонредно сведоштво за уметноста на својата земја. Тоа е уметник од голема вредност кој ја заслужува репутацијата. Морам да кажам дека Мартиноски е, пред сѐ сликар на животот, сликар на движењето, а особено сликар на секојдневниот живот кој е лишен од сѐ што е вештачко“.**

Наскоро во Скопје ќе биде отворена голема изложба на дела од Мартиноски, што ја организира Музејот за современа уметност. Ќе биде прикажано неговото ликовно творештво, слики и цртежи едновремено во трите изложбени простории во Скопје: Салонот на Музејот за современа уметност, Уметничката галерија и Изложбениот салон на центарот за култура и информации на град Скопје. И тогаш, Мартиноски ќе се прикаже низ дела што веќе сме ги виделе, но и низ знатен број нови дела.

О. Спиркоска